РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УРБАНИЗАМ, КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Бр. 09-1328/3
Од 25.05.2022 год.
Општина Петровец

Градоначалникот на Општина Петровец, решавајќи по барање на Друштво за трговија, производство, градежништво, услуги и консалтинг ЧИП ГРОУП ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, поднесено под број 09-1328/1 од 2022 година, врз основа на член 44 став 7 од Законот за урбанистичко планирање („Сл.Весник на Р.Македонија", бр. 32/20) го донесува следното

**РЕШЕНИЕ**

Се одобрува Планска програма за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена В2.4-Општи и специјални болници од секундарна здравствена заштита, за специјална болница за радиологија и онкологија на КП 1454/3, 1454/4, 1454/5, 1454/6, 1454/7, 1454/8 и дел од КП 1454/1 КО Катланово, Општина Петровец иницирана од Друштво за трговија, производство, градежништво, услуги и консалтинг ЧИП ГРОУП ДООЕЛ увоз-извоз Скопје
.

Образложение

Барателот Друштво за трговија, производство, градежништво, услуги и консалтинг ЧИП ГРОУП ДООЕЛ увоз-извоз Скопје поднесе барање за одобрување на Планска програма за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена В2.4-Општи и специјални болници од секундарна здравствена заштита, за специјална болница за радиологија и онкологија на КП 1454/3, 1454/4, 1454/5, 1454/6, 1454/7, 1454/8 и дел од КП 1454/1 КО Катланово, Општина Петровец,
Со барањето ја приложи следната документација

1. Предлог Планска програма,
2. Одобрена Иницијатива,
3. Полномошно,
4. Имотен лист,
5. Административна такса.

Комисијата за урбанизам на Општина Петровец формирана со Решение бр. 09-519 од 28.02.20221 година, по разгледување на доставената документација достави Мислење заведено под број 09-1328/2 од .2022 година дека иницираната постапка за одобрување на ПП од Друштво за трговија, производство, градежништво, услуги и консалтинг ЧИП ГРОУП ДООЕЛ увоз-извоз Скопје заведена под број 09-1328/1 од 2022 година може да продолжи и биде одобрена .
Врз основа на Мислењето од стручната комисија а согласно член 44 став 7 од Законот за урбанистичко планирање („Сл.Весник на Р.Македонија", бр. 32/20) Градоначалникот на општина Петровец донесе решение како во диспозитивот.

Упатство за правно средство Против ова Решение барателот може да поднесе жалба во рок од 15 дена од денот на приемот до Министерот кој раководи со органот на државна управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторо, со уплата од 250 ден административна такса.

Раководител на одд.
Лилјана Величковиќ,диа
Р Л. Величковиќ

Liljana Velichkovikj
Digitally signed by Liljana Velichkovikj
Date: 2022.05.26 09:41:57 +02'00'

ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ
Градоначалник
Борче Митевски дипл.есс